СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Седумдесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 септември 1994 година

Скопје, септември 1994 година

**ДИСКУТАНТИ НА 79-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 6 СЕПТЕМВРИ 1994 ГОДИНА**

ДНЕВЕН РЕД НА СТР.3

1. АРСОВСКИ БРАНКО - стр.19
2. АБДИ ФАИК - 25
3. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 40
4. АЛИУ ХАМИД - 42
5. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 43
6. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 45
7. БОШКОВ ЈОРДАН - 4, 67, 68, 71
8. ГОШЕВ ПЕТАР - 17, 31, 34
9. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 41
10. ДИМОВСКА Д0СТА - 60
11. ЗИБЕРИ НАСЕР - 11
12. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 59, 69
13. МАРКОВСКАЃУЛИСТАНА - 20
14. МАНЕВ ЕФТИМ - 21
15. МУРТЕЗАНИ АВДИ - 67
16. НИКОЛОВ ЈОВАН - 10
17. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 11
18. ПРЕВАЛА ШАБАН - 16
19. ПАУНОВ ТОДОСИЈА - 24
20. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 26, 68
21. ПОПОВСКИ ЉУПЧО - 64
22. СПИРОВСКИ АЦО - 47
23. СТОЈАНОВСКИ ТОМЕ - 36
24. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 39
25. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 37
26. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР - 38
27. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 5
28. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ - 19, 21, 34
29. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 23, 35
30. ЏАМБАЗОВСКИ САНДЕ - 30

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## Од Седумдесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 6 септември 1994 година

Седницата започна со работа во 13,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше, Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Д ами и господа пратеници. Ја отворам Седумдесет и деветтата седницана Собранието на Република Македонија.

Пратениците Никола Стојановски, Димитар Поповски и Џеладин Мурати ме известија дека од оправдани причини не се во можност на присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието на Република Македонија и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Записникот од Седумдесет и шестата седница на Собранието 1а Република Македонија Ви е доставен.

Дали некој од пратениците има забелешки на записникот.

(нема)

Констатирам дека записникот од 76-тата седница е усвоен без забелешки.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија г-дин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Со оглед на значењето ан актите што треба да ги донесеме на оваа седница, предлагам дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? 53 пратеници

Дали е некој против? 10 пратеници.

Дали некој се воздржува од гласање? 2 пратеника.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Исто така предлагам на оваа седница да не се поставуваат пратенички прашања.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? 52 пратеника

Дали има некој против? 27 пратеника

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот

Прилог

I/3.-

- За денешната седница го предлагам следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог на одлука за разрешување и именување претседател, секретар, членови и нивни заменици на Републичката (Државна) изборна комисија;

2. Предлог на одлука за именување претседатели, секретари, членови и нивни за- меници на изборните комисии на изборните единици за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија;

3. Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври";

4. Предлог на одлука за разрешување и именуваше претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски".

5. Предлог на закон за задолжување на Република Македонија со стоков кредит во пченка од Соединетите Американски Држави

6. Предлог за донесување на закон за уредување на односите во врска со отплатата на користени кредити од меѓународни финансиски организации, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за гаранција меѓу Република Македонија и Европската банка за обнова и развој за кредит (Проект за сектор енергетика), со Предлог на закон;

8. Предлог за донесуваше на закон за задолжување на Република Македонија кај Европската банка за обнова и развој за реализација на Проектот за унапредување на системот на контрола на летање, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за издавање и пуштање во оптек на менични бланкети, со Предлог на закон.

10. Предлог на одлука за разрешување

од функцијата судија на Општинскиот суд во Охрид;

11. Предлог на одлука за разрешување од функција на член на Советот на Народната банка на Република Македонија.

Кој е предложениот дневен ред, молам да крене рака? 54 пратеника.

Дали е некој против? 10 пратеника

Дали некој се воздржува од гласање?(4)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

За мене гласањето е неприфатливо, со тој резултат имам сомнежи и ако постои поддршка, сакам поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да видам дали има поддршка. (има)

Пред да минеме на поединечно гласање се јавува г-динот Мухамед Халили.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници, Пратеничката група на ПДП има потреба од 30 минути пауза.

**СТОЈАН АНДОВ:**

30 минути пауза.

По паузата.

Продолжуваме со работа.

Дали има нешто да објасните што баравте пауза или нема потреба.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Пратеничката група на ПДП смета дека претходно треба целосните материјали печатени после состанокот на Комисијата за избор и именувања да ни се достават, па тогаш да почнеме со редовна работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, како стојат работите со материјалите?

Молам, по првата точка имате материјали, а потоа се разбира ќе се поделат и другите.

Молам да се изврши постапката за поединечно гласање.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

Прилог

I/6.-

# С П И С О К

## на пратеници во Собранието на Република Македонија според азбучен ред на презимињата

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | не е тука |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | за |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | против |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | за |
| 7 ТИМЕ АНДОНОВ | за |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | не е тука |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | против |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | за |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | за |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | не гласа |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | воздржан |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | за |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | за |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | воздржан |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | воздржан |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | за |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | за |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | за |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | воздржана |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | воздржан |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | не е тука |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | не е тука |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | за |

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | против |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | за |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | за |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | за |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 37. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 38. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | за |
| 39. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | воздржан |
| 40. РИСТО ЈОВАНОВ | воздржан |
| 41. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | воздржан |
| 42. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 43. ТАШКО КИРОВ | воздржан |
| 44. ЗОРАН КИТЕВ | против |
| 45. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | воздржан |
| 46. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | за |
| 47. ГОРГИ КОТЕВСКИ | не е тука |
| 48. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | за |
| 49. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | не е тука |
| 50. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | воздржан |
| 51. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | воздржан |
| 52. ЕФТИМ МАНЕВ | не е тука |
| 53. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | за |
| 54. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | за |
| 55. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | за |
| 56. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | за |
| 57. СТРАШО МИЛКОВСКИ | за |
| 58. ПАНЧО МИНОВ | за |
| 59.ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | за |
| 60. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | воздржан |
| 61. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | за |
| 62. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | не е тука |
| 63. АВДИ МУРТЕЗАНИ | воздржан |

| | |
|---|---|
| 64. НАИФ МУСТАФА | не е тука |
| 65. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 66. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | за |
| 67. СИМОН НАУМОСКИ | за |
| 68 . БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 69. ЈОВАН НИКОЛОВ | за |
| 70. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | за |
| 71. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | не е тука |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСКИ | за |
| 74. ТОДОР ПЕТРОВ | не е тука |
| 75. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 76. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | не е тука |
| 77. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 78. КИРО ПОПОВСКИ | за |
| 79. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | за |
| 80. НИКОЛА ПОПОВСКИ | за |
| 81. ШАБАН ПРЕВАЛА | за |
| 82. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 83. ИСМЕТ РАМАДАНИ | за |
| 84. ИВАН РАМБАБОВ | за |
| 85. ШУКРИ РАХИМИ | за |
| 86. ФЕРИД САДИКУ | воздржан |
| 87. НЕИМ СЕЛМАНИ | за |
| 88. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | за |
| 89. АЦО СПИРОВСКИ | воздржан |
| 90. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 91. РИСТО СТАНКОВСКИ | за |
| 92. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | за |
| 94. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 95. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 96. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 97. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | за |
| 98. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 99. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | за |

I/9.-

| | |
|---|---|
| 100. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 101 . ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | воздржан |
| 102. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | воздржан |
| 103. БЛАГОЈ ТОШЕВ | против |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не гласа |
| 106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | за |
| 107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | воздржан |
| 108. АГИМ ФАЗЛИУ | за |
| 109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | против |
| 110. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | за |
| 111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | не е тука |
| 112. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | не е тука |
| 113. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | за |
| 115. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 116. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | за |
| 117. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | не е тука |
| 118. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | за |
| 119. ХИСНИ ШАКИРИ | воздржан |

1/9.

I/10.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 8 6 пратеници.

61 пратеник гласал за, 6 гласале против, 19 воздржани. Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен. Преминувам на првата точка. Предлагам по оваа точка пратеник да говори само еднаш.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Имам предлог бидејќи се уште од Комисијата материјалите не се дојдени, да почнеме да работиме од петтата до деветтата точка, тоа се предлозите од Владата од економската сфера.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дојдени се сите предлози. Сите материјали се дојдени. Јас Ве молам да се држиме по предложениот дневен ред. Бидејќи има предлог г-динот Николов го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака. 53 пратеника Дали е некој против? 14 пратеника.

Дали некој се воздржува од гласањето? 4 пратеника. Констатирам дека овој предлог е усвоен.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Со оглед на тоа што се усвои Предлогот на господинот Николовски, предлагам службата да ни подготви пречистан текст на двете одлуки, за државната комисија и комисиите по изборните единици. Тоа да биде пречистен и не вака како што ни доаѓаат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тоа не е возможно. Тоа се документи зад кои стојат одредени седници од одреден ден. Сите тие се составен дел на предлогот после, како доаѓале, тоа се амандмани. Пречистен текст ќе се усвои кога ќе се усвои овде, тогаш се прави. Продолжуваме со работа. Преминуваме на Петтата точка.

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење до 7 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

47 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

18 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

3 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Господинот Пановски бара деловничка интервенција.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Поради тоа што се сомневам во исходот на гласањето,

барам поединечно гласање, доколку ме поддржуваат 10 пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој го поддржува господинот Пановски?

11 пратеници го поддржаа пратеникот Михаил Пановски. Го молам секретарот да спроведе поединечно гласање.

II/2.-

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | воздржан |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | не е тука |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | за |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | против |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | за |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | за |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | против |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | против |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | против |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | за |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | за |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | не е тука |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | против |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | за |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | не гласа |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | против |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | против |
| 21 САНДЕ ДАВЧЕВ | за |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | против |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | за |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | за |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | против |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | не е тука |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | не е тука |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | не е тука |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | за |

II/3.-

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | за |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | за |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | за |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 37. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | за |
| 38. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | за |
| 39. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 40. РИСТО ЈОВАНОВ | против |
| 41. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | против |
| 42. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 43. ТАШКО КИРОВ | против |
| 44. ЗОРАН КИТЕВ | против |
| 45. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | против |
| 46. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | за |
| 47. ГОРГИ КОТЕВСКИ | не е тука |
| 48. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | за |
| 49. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | не е тука |
| 50. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | против |
| 51. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | против |
| 52. ЕФТИМ МАНЕВ | против |
| 53. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | за |
| 54. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | против |
| 55. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | за |
| 56. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | за |
| 57. СТРАШО МИЛКОВСКИ | за |
| 58. ПАНЧО МИНОВ | не е тука |
| 59. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | воздржан |
| 60. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | не е тука |
| 61. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | за |
| 62. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | не е тука |
| 63. АВДИ МУРТЕЗАНИ | против |

II/4.-

| | |
|---|---|
| 64. НАИФ МУСТАФА | не е тука |
| 65. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 66. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | за |
| 67. СИМОН НАУМОСКИ | за |
| 68. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 69. ЈОВАН НИКОЛОВ | за |
| 70. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | за |
| 71. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | против |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСКИ | за |
| 74. ТОДОР ПЕТРОВ | не е тука |
| 75. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 76. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | не е тука |
| 77. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 78. КИРО ПОПОВСКИ | за |
| 79. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | за |
| 80. НИКОЛА ПОПОВСКИ | за |
| 81. ШАБАН ПРЕВАЛА | за |
| 82. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 83. ИСМЕТ РАМАДАНИ | за |
| 84. ИВАН РАМБАБОВ | за |
| 85. ШУКРИ РАХИМИ | за |
| 86. ФЕРИД САДИКУ | за |
| 87. НЕИМ СЕЛМАНИ | за |
| 88. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | за |
| 89. АЦО СПИРОВСКИ | против |
| 90. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 91. РИСТО СТАНКОВСКИ | за |
| 92. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | против |
| 93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | за |
| 94. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 95. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 96. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 97. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | не е тука |
| 98. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 99. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | за |

| | |
|---|---|
| 100. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 101. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | против |
| 102. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | против |
| 103. БЛАГОЈ ТОШЕВ | против |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | за |
| 107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | не е тука |
| 108. АГИМ ФАЗЛИУ | за |
| 109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | против |
| 110. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | за |
| 111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | за |
| 112. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | не е тука |
| 113. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | за |
| 115. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 116. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | за |
| 117. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | не е тука |
| 118. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | за |
| 119. ХИСНИ ШАКИРИ | за |

Дали има пратеници што не гласале?(нема).

(По пребројувањето на гласовите)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 77 патеници, 58 пратеници се за, 27 се против и дваица гласале воздржано.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Преминуваме на **__третата точка__** - Предлог на закон за задолжување на Република Македонија со стоков кредит во пченка од Соединетите Американски Држави.

Предлогот на законот и извештајот на Комисијата за финансирање и буџет Ви се поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги, морам да кажам уште на почетокот дека овој аранжман јас го поддржувам од проста причина што станува збор за поволен аранжман, стоков кредит, во износ од 7 милиони долари, со грејс период од 5 години, во текот на тој период ќе се пресметува камата од 3% и за останатиот период камата од два осто. Мислам дека тоа е аранжман што обезбедува можности Република Македонија оваа дефицитарност на пченката кај нас колку толку да се надмине.

Меѓутоа, морам да кажам, наспроти на поволноста на аранжманот, гласајќи по овој закон, истовремено мислам дека треба да се упати едно мислење до надлежното министерство да размисли во иднина да се ослободиме од обврската на ваков начин да го решаваме проблемот на задоволување на потребите од пченка во нашата Република. Сметам дека најнеповолна варијанта е да се купува храна на кредит, а пченката сепак е храна независно од тоа што ќе се употреби за прихрана на добитокот, но во секој случај не е решение потребите од храна да се задоволат по пат на кредит, па макар тој кредит да биде и поголем како што е овој.

Затоа, сакав да го изразам своето мислење дека треба да се поддржи овој закон, ова задолжување меѓутоа како времена мерка. Со вакво задолжување јас се надевам дека нема да се соочиме во идната и во наредните години. Да се задолжиме за опрема, за технологија што ќе овозможи зголемување на производството, па и на производството на пченка, а тоа ќе значи долгорочно решавање на потребите на нашата Република, но во никој случај да се задолжуваме за храна. Ова го предлагам повеќе како политика, ориентација и како стратегија во нашиот развој, а и во користење на странски кредити кои навидум изгледаат евтини, меѓутоа, кога ќе се направи конечната пресметка, бидејќи

станува збор за девизен кредит, тоа се сепак скапи кредити.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, само неколку збора во врска со овој закон за задолжување.

На Комисијата за финансии и буџет се расправаше и таму изнесов неколку забелешки сега само би повторил нешто од тоа.

Прв, овој кредит навистина делува поволно, како што беше истакнато. Три насто камата за време на грејс периодот, после тоа нешто дури и помалку, меѓутоа, факг е што овој кредит е сепак кредит за чиста потрошувачка и таа поволност навистина е голема неповолност, иако може да се преставува дури и како подарок од Соединетите Америка! ски држави, за што ние би требало да бидеме дури и многу благодарни, се разбира. Според тоа, таа забелешка што веќе беше изнесена е и моја забелешка. Тоа е едната работа.

Втората работа е што парламентот на Република Македонија ратификува договори што ги потпишува Владата на РМ, а ние овде договорот се разбира го немаме, како што го немаме и за оној друг закон што ќе биде на дневен ред.

Според тоа, постапката не е во согласност со уставот на Република Македонија заради тоа што во Уставот јасно пишува кој потпишува и кој ратификува што. Потпишуваат Владите, јасни субјекти, ратификуваат парламентите, а парламентите ратификуваат точно конкретни содржини, договори од точка до запирка на јазиците конкретно на државите што склучуваат итн. Тоа ние го немаме овде и се разбира причината за тоа што ние тоа го немаме е фактот што треба да потпише поранешната југословенска република со САД односно нешто што пак не е во согласност со Уставот. Заради тоа се измислува оваа постапка

која што е решена на начин како што било едноставно договорено. Соединетите Американски држави се обраќаат со писмо до Поранешната југословенска Република, Бившата Југословенска Република односно сега Република Македонија одговара на САД дека се согласува со тоа и фактички се прифаќа она што ни го предлагаат Грците своевремено едно име за домашна употреба, друго име за надворешна употреба и затоа е дезавуирана уставната постапка и заради тоа јас се разбира како и за другите закони од тој вид имам резерва, имам голема резерва, бидејќи никој не не овластил едноставно да го смениме уставното име на Република Македонија. Тоа е најголемата забелешка, а за нашите навики за земање на потрошувачки кредити што ние ќе ги изедеме сега а потоа ќе ги враќаат други, тоа е веќе историска работа во нашиот случај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор министерот за финансии Џевдет Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Забелешките на пратеникот г-динот Гошев, би сакал да кажам следново, денеска на дневен ред е Законот за задолжување на Република Македонија. Владата не може да склучи договор додека овој закон не се донесе, а претстои, кога договорот ќе биде склучен и потпишан да се ратификува во Парламентот. Таква една точка веќе имаме на дневен ред каде што има закон за ратификација и во договорот е приложен. Кога ќе дојде Законот за ратификација на договорот, ќе биде приложен договорот и според тоа Владата нити сака нити може да избегнува доставување на договор, било каков тој да биде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас не сум компетентен да кажам дали овој закон е уставен или не е уставен заради тоа што мислам дека има покомпетентни од мене тоа да го кажат, а и Владата се произнесе.

Меѓутоа, сакам да кажам однапред прифаќам еден ваков закон и се држам за она "подобро врапче во рака него голуб на гранка" и сметам дека ако се изанализира целокупната проблематика во РМ со резервите на пченка и она што е потенцијална можност да се произведе за оваа година и за наредните години и каква е технологијата за подобрување, со сите агротехнички мерки што треба да се применат за подобрување на приносот на пченката што се сега се движи, оваа година од 1.500 до 2.00 0 кгр. по хектар а да не зборувам за површини што не се наводнуваат,

оние што се наводнуваат и така се сега без вода и тие толку, мислам дека би била катастрофална грешка ако не го прифатиме овој закон, заради тоа што ќе биде на штета токму на оние кои се занимаваат со овие проблеми, а и ние како Република со месо, храна итн. итн.

Дали е подобро сега да го уништиме и она што го имаме како сточарство или да гоземеме овој поволен кредит што може да поттикне и за наредната година, да ја подобриме и агротехничката мерка во однос на подобруваше на приносите во земјоделието, да остане сточарството онакво какво што е и мислам дека РМ би била постабилна на овој план.

Од тие насоки мислам дека треба да се поддржи овој закон бидејќи се кажаа и параметрите дека се поволни за земање на овој кредит, отколку да останеме без него. Од тука го поддржувам овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-ѓа Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, мојата дискусија ќе биде повеќе во вид на прашање упатено до претставникот на Владата односно до министерот за финансии г-динот Хајредини.

Со оглед на уставната обврска секој еден договор, без да биде ратификуван нема никаква важност и бидејќи рече дека истиот договор го има во Владата, зошто истиот го нема на седницава за да биде ратификуван заедно со овој предлог-закон  за да можеме, бидејќи се

работи за последна седница, значи дека овој закон нема никаква важност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Хајредини, министер за финансии.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Јас зборувам брзо, само г-ѓата уште побрзо. Јас бев јасен дека договорот не е склучен и не може да биде приложен. Кога ќе биде потпишан, а нема да биде потпишан додека овој закон не биде донесен, ќе дојде закон за ратификација на тој договор и ќе биде приложен. Тоа реков.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Манев.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, овој предлог-закон, малку би зборувал во името на ЗПК што го разгледуваше и не му да виза да биде прифатен како потреба од донесување на таков закон. Исто така и едно мое размислување за тоа кој се причините, дека тој закон сепак влегува, мене ми се чини на еден нерегуларен начин кој се причините ние да донесуваме закон за задолжување со стоков кредит и тоа поодделно. Ние гледавме 2-3 такви предложени закони.

Што е причината и дали не постојат уставни овластувања договорот што го склучила Владата, ако бил тој договор ратификуван ќе стапел на снага. Зошто е потребно понапред закон.

Мене ми се чини дека може Собранието да донесе закон за задолжување само во една друга форма, кога би имале една изградена развојна платформа ако РМ во текот на 1 или 5 години ќе се задолжи со 200, 300 или 500 милиони долари, па дури и тогаш, врз основа на таквите рамки кои Републиката ќе прифати такво задолжување Владата може да заклучува договори според таа платформа. Инаку, донесуваше на закони за задолжување поодделно за секој случај ми се чини дека не се потребни. Тоа не го бара ниту Уставот. Ратификација на договори бара.

Што се однесува дали овој стоков кредит нешто носи на Македонија, јас мислам дека можеби носи само оваа година. Дали е корисно и тоа задолжување на РМ од 30 години, корисна работа е. Ние можеме секоја година ќе имаме потреба од исхрана како на стока со сточна храна, можеби и исхрана за човечки потреби. Ако секогаш користиме вакви бенефиции што ќе даваат кредити на 10 или 20 или 30 години еден ден ќе дојде оваа Република да нема сопствен, ниту моќ да ги враќа тие кредити, ниту понатаму да се задолжува.

Далеку подобро би било да донесеме закон за задолжување на РМ оваа Влада и овој Парламент да успее да најде кредитор за развој на земјоделието, особено за градење брани на вода за да произведуваме ние сопствена храна. Инаку, ако увезуваме сточна храна, подобро да увеземе месо, уште полесно ќе ни биде барем нема да храниме никаков добиток.

Од тие причини не би гласал за законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Џаферовски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, понекогаш навистина малку чудно се однесуваме како да ни се од цел свет дадени разно - разни кредити, па ние сме во состојба да бираме дали ќе биде оваков или онаков кредит, дали ќе биде за ова или слично.

Ако се има во предвид фактот дека оваа држава увезувала и увезува пченка, што значи нема доволно сопствено производство и за увезената пченка плаќа исто така девизи, не знам зошто го поставуваме прашањето дали треба да се земе ваков или онаков кредит, уште повеќе пред малку како што кажав ние немаме на располагање повеќе видови кредити од повеќе страни па сега да сме во состојба да бираме.

Кредитот е апсолутно поволен и нема да биде "изеден", ќе ја задолжиме државата па ќе биде изеден, ќе се задолжат фабриките за сточна храна. Тие се оние што ќе го враќаат оној кредит. Нема да го враќа,формално ќе го враќа РМ, но РМ е држава, таа нема да меле сточна храна. Овој стоков кредит, оваа пченка ќе се дава на фабриките на сточна храна, според тоа нема никаква причина овде да поставуваме вакви или онакви прашања и да се сомневаме со овој кредит и како ќе биде.

Затоа мислам дека нема никаква причина да не биде прифатен овој закон.

А, околу тоа што се донесува денеска, мислам дека министерот даде добар одговор и нема причина да поставуваме прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Паунов.

III/6

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа јас мислам дека треба да се даде признание на Владата, што еве, успеале да добијат односно да добие РМ со вакви ниски камати, 2%, 3% годишно. Дали сме свесни што се работи во стопанството? Камата 15%, 10% месечно, 6% месечно. Како може ова стопанство да издржи такво нешто а не сакаме даземеме кредит од странство кој е всушност помош на РМ. Гледаме дека нема месо, месни производи, млеко, млечни производи и др. Зошто немаме? Поради тоа што немаме храна, поради тоа што нашите површини не ги обработуваме за храна и денеска ги немаме. А, со овој кредит што денеска ќе се прими како стоковен кредит потоа преоѓа во финансов кредит и ќе помогне доста Републикава.

Не би сакал да должам, меѓутоа мислам дека секој кој ќе дискутира да се откаже кредитот оди на погрешен пат, оди против Македонија, против сточарството, оди против развојот на Македонија. И мислам дека треба уште такви кредити да се изнајдат да земеме, да се задолжиме, а ќе ги вратиме. Ние сме способни, работливи, имаме средства и можности, имаме капацитети да ги вратиме. Меѓутоа, сега се наоѓаме во таква состојба и сега ни треба помош, а подоцна јас верувам дека и ние ќе даваме помош, и ние ќе даваме кредит, ќе дојде тој ден кога ќе даваме. Нашата земја е богата, само треба да се организираме, да обработиме и да ги поставиме стопанските основи во границите на можностите на права линија. За тоа имаме кадри, имаме и способности.

Ви благодарам и мислам дека никој не би требало да каже да не го земаме кредитот. Многу е поволно што е за повеќе години, уште е подобро за Македонија, а не ни пречи да го вратиме и после 2, после 3 години тој кредит ако бидеме така способни.

III/7

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитувани пратеници, колку да не сака човек да каже ништо по одредена проблематика, директно за ова прашање, се наметнуваат одредени дискусии проблематични прашања зошто вака зборуваме и зошто вака дискутираме?

Едно мало дете знае дека ние се бориме за опстанок како Македонија. Точно е тоа дека ние"сме богати". Имаме земја, имаме да произведеме и жито и житни култури, може да произведеме, и градинарски култури, рано градинарски култури, месо и живина итн., но нашата состојба е лоша.

Овој кредит што се дава по основ, она што го прочитав, она што кажа министерот или она што го зборуваме мојот колега Шабан Превала, сигурно ќе дочекаме еден ден ние овде да ратификуваме договори. Тоа ќе ми биде мило. Меѓутоа, луѓето сакаат супер-гаранција. Сакаат државата да гарантира, сакаат Парламентот да гарантира со закон. Тоа е тоа. Сигурно не ни е чудно од оваа говорница да се спомне ПЈРМ, поранешна југословенска република Македонија. Тоа сме пред светската јавност, за сега. Барем за сега да launch речеме така. До кој период, не се знае. Меѓутоа, да се оптимисти дека еднаш ќе го снема тоа ПЈРМ. Ние овде ако во тоа не веруваме, па каде е вербата наша?

Јас мислам не треба понатаму да стане збор, ова се исклучиво поволни услови со грејс период. Добар економиста, нека не биде добар економиста, просечен економиста од меѓународно ќе прочита дека е ова одлична работа и треба да се прифати и само да се ангажираме што побрзо да го вратиме. И пред грејс периодот ако господ даде среќа и добро здравје и слога.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека е добро што можеби по овој закон се води расправа и на ваков начин затоа што можеби не во иста форма, меѓутоа на еден или друг начин за оваа проблематика ќе расправаме и по шестата и седмата точка ако се соодветно во дневниот ред, односно расправаме за 3 задолжувања на РМ кон странство односно за давање гаранции кон задолжување на субјектите од РМ кон странство, во соодветен износ распореден во сите 3 закони, меѓу кои и овој.

Јас, како пратеник на ова Собрание, логично си поставувам едно прашање при потребата да се одлучува за донесување на овој закон, а тоа е прашањето што следи со донесувањето на овој закон, што следи со недонесувањето на овој закон во оваква форма каква е што е понуден.

При тоа на почетокот сакам да разјаснам дека при тоа воопшто не дискутирам за потребата од набавка на овие толку и толку илјади тони пченка, туку за потребата на кој начин да се изврши плаќање односно набавката.

Ние, последната седница од работата во 1993 година, ако се сеќавате носевме многу закони меѓу кои и Законот за, исто, задолжување на РМ кон некои странски или, пред се, меѓународни институции за репрограм или за плаќање на долгови што доспеваат во РМ кон странство. Мене логично ми се поставува прашањето како РМ се довела во позиција сопствената ликвидност кон странство од сега па натаму

може единствено да ја обезбедува со репрограм на старите кредити или со задолжување и нови кредити заради отплаќање на старите за да може да биде ликвидна Републиката кон странство. Веројатно, заради тоа што во еден подолг период Републиката, тогаш во поинакви услови во рамки на една друга држава, се задолжувала, дали контролирано или неконтролирано повеќе отколку што планирала дека ќе може да врати. И, особено за намените за кои се користеле тие кредити.

Се плашам да не влеземе како Парламент во една стапица, можеби не овој состав на Парламентот, меѓутоа, неколку парламентарни состави по ред во еден континуитет од 4, 8 или 12 години, секој пат да оцениме дека сега итно е, многу битно и потребно да се земе кредит за одредена работа, меѓутоа, одлагањето на плаќањето е за некои години после 2000, после 2010, 2020 итн. и тогаш некој да се судри со проблемите со кои ние се судираме сега, а проблеми кои потекнуваат од 70-тите години, да ги вратиме кредитите кон светска банка, кон ММФ, 7 милиони на едно, 7 милиони на друго, меѓутоа сегашната состојба според информација од Владата се повторно некаде околу 1 милијарда долари задолжување на Македонија, кои и покрај тоа што секоја година ги враќаме со камати, со препрограми, основниот долг стои. Значи, ние само камати опдлеваме по тој основ.

Се плашам да не се доведеме во истата позиција после 20-30 години кога овие неколку ситни, во секоја година што ги земаме кредити, во текот на 1-2-3 парламентарни состави ќе се намножат до тоа ниво и Републиката повторно ќе биде оптоварена со 1 милијарда долари. Многу повеќе отколку што може да ги извршува плаќањата кон странство.

На пример, во образложението не видов што ќе значи оптоварувањето на платниот биланс кон странство во 2010 година. Според сегашното ниво на развојот на настаните, колку ние треба да отплаќаме кредити кон странство во 2010 година, колку ќе плаќаме после донесувањето на овој закон, колку ќе плаќаме после донесувањето на законите од точка 5, 6 и 7? Дали ќе се задржи некое ниво , дали нешто се намалува? Тоа се релевантни информации потребни за секој од нас, за да може да донесе една ваква одлука.

Една зграда се состои од илјадници цигли, не се состои од една цигла. Затоа се потребни таков вид на образложенија. Секој од нас кога во име на Републиката односно во име на граѓаните се задолжува кон странство, 12 0 пратеници од тука, треба да имаат предвид какви оптоварувања носи тоа за целата држава. Не за сега. Ние треба да се сме свесни дека овие 7 милиони долари, јас не можам да израчунам со каматите колку на крај ќе биде вкупната отплата, нека биде 8, јас сега не знам прецизно сосе каматите колку тоа ќе изнесува, меѓутоа треба да сме свесни дека тоа се 8, или нека бидат 7 милиони долари од акумулацијата на РМ во 2005, 2010 година итн. Ние сега одлучуваме со овој закон да одземеме од акумулацијата на идните генерации, на генерациите после 10, 15 или 20 години, односно за онолку генерации за колку се задолжуваме со кредитот дека ќе го враќаме после грејс-периодот. Ние сега ќе г потрошиме тие особено заради тоа што не се работи за опрема, туку се работи за некои вид на производна потрошувачка, а не во некој вид инвестиција, опрема итн. Ние, де факто, сегашната потрошувачка ќе ја префрлиме врз акумулацијата на некои генерации после 10-15 и 20 години кои од својата тогашна акумулација ќе треба да издвојат за овој кредит што е сега земен. Повторно ќе нагласам

дека со мојата дискусија воопшто не ја доведувам потребата од набавка на пченица, туку начинот на кој таа се набавува. Инаку, се согласувам со г-динто Џаферовски, тој кажа и јас што мислам околу тоа дали е потребна или не.

Во информациите што ги добиваме како пратеници од Владата или од средствата за јавно информирање, меѓутоа и преку некои од дописите што до нас доаѓаат за информирање на пратениците, некои од нив и под фирмата доверливи, во врска со девизните резерви на РМ, добивме и во јавноста неколку пати од страна на Владата е потенцирано дека девизните резерви на РМ во овој момент се поголеми отколку ние ги зацртавме со одлуката со девизниот и платниот биланс на РМ во 19 94 година. Доколку се тие девизни резерви поголеми, можеби не е на одмет да се размислува на сметка на девизните резеви да се набави пченица а тоа да се претвори во кредитен однос кон претпријатијата во РМ или кон индивидуалните стопанственици, земјоделци кои ќе го користат ова, ќе ја користат оваа набавка на пченка. Зошто да не се размислува и така од девизните резерви да се плати ова ако е тоа неопходно. Зошто мора кредит, имајќи предид дека, според сите информации и изјави во јавноста на Владата девизните резерви, ќе повторам, се над нивото кое ние го проектиравме со одлуката за 19 94 година во ова Собрание. Што значи сите овие задолжувања треба да ги гледаме и од еден друг аспект. Во оваа држава ќе живееме и по 40 и по 30 години и тогаш ќе мора да се вратат. Дајте да ги платиме, ако имаме вишок некои други средства.

(Во отсуство на претседателот, со седницата продолжи на раководи потпретседателот г-динот Киро Поповски)

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор претставникот на Владата.

IV/1 СЈ/ЛБ

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Господо претседателство, господо пратеници, Мислам дека оправдани беа дискусиите на одредени пратеници, сигурно дека треба одредени објаснувања за овој стоков кредит. Јас би сакал да кажам само неколку податоци. Република Македонија досега никогаш немала доволно пченка, секогаш била дефицитарна со пченка, некаде околу 120, до 130 илјади план и во догледен период во РМ ќе има дефицит на пченка и таа ќе мора да се увезува до некоја страна земја, дали од една или од друга, важно ќе треба да се увезува. Дали Македонија може да обезбеди поголеми количина на пченка? Сигурно дека може да обезбеди поголеми количини, но многу малку поголеми количини од оние што ги произведуваме бидејќи самите природно односно климатски услови бараат да го добиеме она производство кое навистина го добиваме. Така да мислам дека овој Закон треба да се прифати од тој аспект. Значи, ако ние ова не го прифатиме ќе мораме да увеземе од друга земја пченка под некои други услови. Вакви стокови кредити Америка дава на многу мал број на земји. Таков стоков кредит има користено Бугарија и некои од Руските држави. Овој закон кој што е овде предложен е со многу поволни услови до толку што тој е за долг период на враќање. За тој долг период на враќање знаат барем овие кои што се занимаваат со комерцијална работа дека таа пченка односно тие средства можат да се обрнат најмалку 30 пати. Само еднаш годишно да можат да се обрнат, најмалку 30 пати, што значи дека овој стоков кредит не носи никаква загуба. Тоа е една работа.

Друга работа, пченката не се плаќа утре или задутре, или не знам кога, пченката кога ќе се добие до колку се усвои овој закон преку стокови резерви ќе се дели на директните корисници на пченка. Тие ќе ја плаќаат пченката во буџетот односно на државата,  не губи со овој

кредит бидејќи корисниците кои ќе ја користат пченката тие ќе ја плата пченката, така да ние државата не ја задолжуваме со ништо повеќе од она што треба.

Ние имаме голем недостиг на месо, сувомесни производи односно скоро сите сточарски производи. Тој недостаток е и покрај тоа што имаме жива стока имаме и помал принос односно помало производство по единична мера, а тоа е затоа што имаме недостаток на пченка. Ние кога имаме недостаток на пченка користиме повеќе јачмен. Кога ќе го потрошиме јачменот тогаш не купуваме пченка, па пченка. Така добиваме неквалитетна храна. Ова ќе придонесе да произведуваме поквалитетна храна и да можеме да добиеме далеку поквалитетно производство по единица производ.

(Петар Гошев бара збор)

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Господине Гошев вие еднаш веќе учествувавте.

Петар Гошев бара реплика.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Да, јас говорев и врз основа на мојата дискусија имаше одговори и од министерот и од некои други пратеници и мислам дека имам право да се јавам за дообјаснување.

(реакција на некои пратеници во салата)

Е, добро разговарајте си меѓу себе, ништо да не зборуваме да нема дискусии, воопшто, не само ограничените, ич да нема дискусии, па завршете си ги сите работите, нема проблем.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Без дофрлување од место , рационално времето да го користиме.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Па, еве неколку работи да кажам, на оние што им е јасно дека е многу поволен овој кредит, дури и на најобичните економисти колку било

јасно што би било катастрофално да се одбие еден кредит кој што изнесува 7 милиони долари кој што полицијата со една рација може да ги собере на Бит пазар од тие што нелегално тргуваат со девизи. Катастрофално за 7 милиони долари и не знам Републиката ќе биде во страшен колапс за 7 милиони долари пченка ако не увезе.

Е, сега дали е евтин овој кредит. За тие што мислат дека е евтин да им кажам една информација, куса, дека кредитите во Америка денес за тековно работење на стопанството се со камата од 1 до 3%, а овој кредит од 3%, со таква камата ни го даваат, во Америка. Во Канада се, (реакција на некои од пратениците) па затоа нема никогаш ние немаме да бидеме таму, затоа што мислиме се по инаку во Канада 5% е годишната камата.

За тие што мислат дека е евтин овој кредит, нека пресметаат и министерството и од другите колку ќе изнесува пченката по килограм кога за петте години ќе се пресмета на тој кредит по 3% камата и кога за 2 6-те рати по 2% исто ќе се додаде и нека пресметаат колку ќе биде денари таа пченка за целиот тој период кога треба да се враќа тој кредит и колку ќе биде за целиот тој период таа пченка на слободниот светски пазар која што може да речеме да се купи и со некоја компензација, со некои вагони вино што ги имаме, да се преговара итн. итн. па да дојдеме до вистинските математики па да видиме колку сето тоа ќе изнесува.

Според тоа многу се лесни тие изјави, кредитот е евтин навистина ние грабавме евтини кредити, едни ги трошеа, сега, денеска треба да ги враќаат. Сега со истата практика треба да продолжиме едни да ги земаат кредитите, па други да ги враќаат, ама да си олесна изборната позиција во дадениот момент, да имаме помалку проблеми и така да добиеме изборни поени. Навистина тоа се логики кои што се можеби корисни за одредена група, групација и одредена владеачка структура, но се

навистина штетни за македонскиот народ. Има начини за 7 милиони пченка како да се набават во оваа држава и по евтини варијанти. Во тоа сум сигурен. Но, тоа е едниот проблем околу евтинијата на овој кредит.

Другиот проблем, е што го истакнав прашањето на против уставната постапка, се разбира таа не ја одговорна министерот, си кажа неколку реченици во врска со тоа, но Уставот бара договор овде договор да го види овој Парламент по сите членови, точки и запирки и тој договор да го ратификува. Основната причина што тоа не е така едноставно е заради тоа што кога би бил понуден тој договор во него ќе стои ПРЈМ. Е, сега, прашањето е следното: зошто овој пат Владата и владиното мнозинство во Парламентот прибегнуваа кон оваа постапка кога ова владино мнозинство овде во Парламентот, еднаш веќе понуди овде договори со ПРЈМ, парламентарното мнозинство си ги изгласа. Никој овој кредит не го условува со оваа постапка, не условуваа за еден од претходните кредити,сакаа да проверат дали Парламентот на- вистина под тоа име ќе протурка одреден договор за ратификација, па затоа бараа еден вид предратификација што беше изгласана овде во Парламентот,. Кога веќе за такви кредити од повисоки суми овде се направи, зошто сега овде оваа криенка во врска со овој кредит. Нека дојде договорот па Парламентарното мнозинство ќе оцени дека многу, многу е важен овој кредит, дека катастрофална е ситуацијата ако не се земат 7 милиони долари пченка и нека си го изгласа и немаме ние никаков проблем, а сега што ќе се случи по некоја година, колку буџетот ќе биде оптоварен, од каде навистина ќе се враќаат тие кредити итн. тоа ќе мислат тие наредните во врска со тоа.

Во врска со прашањето дека претпријатијата односно овие потрошувачи на сточна храна ќе ги враќаат кредитите, дами и господа тие кредити нема никогаш да ги вратат тие претпријатија, никогаш затоа што и овие кредити што ги зедоа тие нема да ги врата туку мора да одат

како јавен долг, нема да ги вратат, а оние претпријатие кои што ќе треба да се приватизираат или да се ликвидаат секој момент повторно ќе треба тие кредити да ги префрлат или на банката гарант или на буџетот, овде е државата во прашање,буџетот ќе ги плати, а бидејќи буџетот нема од кај да ги плати ќе ги плати народот преку зголемени даноци и придонеси. Така ќе заврши приказната во врска со овој кредит, вие повторно убедувајте ме дека тоа е многу важно.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, господине пратеник ако во првиот настап изјави дека кредитот е многу поволен, тоа е практично помош од САД, а во вториот настап дека кредитот е многу скап и многу неповолен, тука се стенограмите. И, рече во почетокот дека постапката е во прашање,а не поволноста на кредитот. Владата, работи врз база на закони што ги донесува ова Собрание, и, ве молам во членот 12 од Законот за кредитни односи со странство пишува: "РМ склучува договор за кредитни работи со странство врз основа на закон што се донесува за секоја кредитна работа. " Овие закони се донесени овде и оваа Влада работи врз база на закони. Секое друго постапување би било против законско. Овде има исто така има друг член во кој пишува дека Владата е должна веќе потпишаниот договор по донесување на овој закон да го донесе на ратификација каде што ќе биде текстот онаков што ќе биде, а).ние веќе имаме таков закон за ратификација кој е на оваа седница на дневен ред.

Според тоа, ништо не се крие туку се работи согласно законите.

(Петар Гошев бара збор)

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Само една реченица. Јас првиот пат не реков дека е поволен, па потоа неповолен, туку реков дека навидум е поволен, а кога ќе се

проанализира малку нешто поинаква изгледа сметката. Јас така реков, а вие земете го стенограмот ако сакате.

(реакција на пратениците во салата)

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Добро, не сме преработени, според тоа нема потреба од вакви реакции. Деловникот не го кршиме, јас бев спомнат, одговараше на мои поставени прашања, и ве молам сега немојте има претседавач и да не се мешаме сега сите.

Прво, сакам една работа да ја расчистиме, веројатно некој не разбра. Овој кредит го зема РМ во висина од 7 милиони долари во против вредност како пченка. Таа пченка ја продава на фабриките за сточна храна а не им е пренесува како кредит, што значи дека РМ за многу кус период доаѓа до 7 милиони долари кредит со 3% камата. Тоа го кажа и заменик министерот за земјоделие и некој требаше тоа да го разбере. И, според тоа со 3% камата сигурно е евтин кредитот.

Се кажа дека порано некој се задолжувал, а други плаќале. Точно е, но и тоа е точно дека со таквите кредити изградивме и станови и патишта и овие дуќани кој денес и утре се продаваат и сл. веројатно не заработивме толку сето ова што се изгради до сега да го изградиме од сопствено средства. И според тоа, ниту порано ниту денес некој има намера да зема кредити и одат во бездна. Веројатно имало и некои негативни појави во однос на трошењето на кредитите. Но во овој момент кога Македонија има потреба од живи финансиски средства и кога нема на претек понудувачи на кредити да се одбива и да му се наоѓа мана на кредит кој има само 3% камата и да се бара мана односно да се кажува колку ќе биде пченката после толку години кога ќе се враќа небаре ние ќе ја чуваме во амбари пченката па тогаш ќе пресметуваме, мислам дека во крајна линија воопшто е бесмислено да се зборува.

**ТОМЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа јас ги слушав претходните колеги околу оправдување, неоправдување за донесување на овој закон, меѓутоа јас сопствено го цена предлогот што го понуди предлагачот При донесување на некој закон по воведот стои проблемот што треба да се реши каков е, што е и кој временски период ќе треба тоа да се разреши. Во воведот на овој закон го немаме.

Во вториот дел на образложението говори колку имаме засеани површини со пченка , колку ќе добиеме, тоа ни недостасува. Сега се говори за име на кредитот. Име на кредитот, задолжување на РМ со стоков кредит во пченка од САД член 1 "РМ се задолжува со сто- ков кредит во пченка од САД во износ од 7 милиони долари". Тоа е основата на овој закон. Значи да се добие кредит во пченка за против вредност од 7 милиони долари.

Што ќе биде понатаму го објаснува вториот член, дека ќе се набави, ќе се склучи овој договор помеѓу РМ и САД и на крај кој ќе го врати. Се предвидува да го врати државата од буџетот. Во ЗПК претставникот на Владата нас ни појасни дека овој кредит ќе се земе и дека ќе се внесе во стоковите резерви на државата и од таму ќе се интервенира по потреба каде треба.

Ако е вака јас навистина разбрав еден од колегите овде што рече дека коалицијата која е сега во позиција на власт сака да обезбеди гласови на наредните избори што ќе го збогати основ на стоковите резерви. Значи немало потреба, од набавка за реакција да се реши проблемот во сточарството туку да се зголеми резервата. Ваков кредит за потрошувачка со камата се зема само кога нема што друго да се направи, а кога се прават резерви тогаш се прави политика. И најштетен кредит е кредит за потрошувачка односно за јадење.

Ве молам, ако некој сега треба нас да ни обезбеди потреба за храна јас еве со колегата Шабан Превала говоревме за еден заем и Јапонската односно Кинеската мудрост, барал риби да јаде, барал риби да јаде, барал риби и овој му рекол оди ќе те однесам како се фаќаат риби и тогаш ќе знаеш како се живее. Значи, значи досега ние само други ги фаќа рибите а ние ги јадевме. Господа некој овдека кажа дека сме направиле патишта, куќи , фабрики со такви кредити, меѓутоа имаме повеќе милијарди долари долг, а тие патишта и куќи веќе пропаѓаат затоа што не ги заработивме со пот, затоа што во нив немаме никаков вложен капитал, тука е туѓо се, а туѓото лошо се чува.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, за мене прашањево е правно ние сме законодавно тело и треба да донесеме закон како законска основа да може да си ги врши работите извршната власт.

Второ, прашањето исто така е стратешко и најбогатите земји со технологија можат да дојдат во состојба да купуваат или да се позајмуваат за храна за својата држава.

Потоа, прашањето е и економско ние земаме стока место пари односно стоката се трансформира во пари и се враќа во пари. Така да тука од областа на економијата прашањето е сосема чисто.

Исто така се поставува прашањето дали е евтин. Кредитот за Македонија и за нас македонците е евтин затоа што кредитирањето во нашите банки е со камата со 12 до 14%, а овде се работи за кредит од 3%. Можеби за американецот кредитот е скап меѓутоа ние овде зборуваме за Македонија и за македонецот и кредитот сметам дека е евтин.

Од тој аспект јас го поддржувам донесувањето на законот.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Јас само накратко сакам следното да го искажам.

За овој кредит уште од пред месец дена во стопанските организации кои се занимаваат со одредената дејност на големо се дискутира и постојат одредени претпоставки дека тие 7 милијарди долари односно висината на тој стоков кредит ни од далеку не може да ги задоволи потребите. Тоа е прво.

Второ, јас иако не сум економиста можам следното да го кажам. Сите што се занимаваат со развојот на сточарството, месна- та индустрија во мојата изборна единица се плашат дали и воопшто ќе дојдат на ред да добијат од овој кредит. Вие и сами знаете дека другите начини на добивање на кредити, преку наши банки итн., колкави би биле каматите.

Друго, ако сите овде ние дискутираме и претпоставуваме дека после 5 години ќе биде таков период со лимитирани граници на увоз - извоз и со енормни цени на сувомесната производи и сточна храна како што покажаа овие неколку години, мислам дека сите тие што тоа го застапуваат не ја следат економската политика и состојбите на овие стопански организации. Бидејќи јас потекнувам од крај каде што сточарството на некој начин е во подем во овие неколку години мислам дека овој кредит ќе биде добредојде и јас апелирам да се даде приоритет и на земјоделските производители за користење на овој кредит.

Мое лично мислење е, доколку поминат сите овие гранични лимитирања, да настапи еден период на стабилизација мислам дека постојат и реални можности после 5 години нашата Република доколку вака како некои брижници се изразуваат, после 5 години кога ќе треба да

се отплака овој кредит. можеби ќе се смогнат снаги исцело да се врати, а со тоа ние многу ќе добиеме.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Г-да пратеници, најпрво да кажам дека го поддржувам предложениот закон од страна на Владата, а ќе ги кажам и причините зошто така сметам.

Прво, сметам дека овој кредит е доста поволен. тоа е стоков кредит во кој што поволноста се гледа преку неколку елементи.

Прво, овој кредит има грејс период од 5 години. Значи за време од 5 години овој кредит не треба да се плака. После тие 5 години овој кредит треба да се исплака на 26 годишни рати. Значи крајниот датум за отплата на овој кредит ќе биде дури после 31 година. Сигурно годишно ќе се плака.

Друга пволност е висината на каматната стапка Со овој кредит се предвидува за грејс пеиродот кога нема да се плака да се плака камата од 2%. Значи, за тие 5 години се плаќа само камата во висина од 2% годишно.

Наредната поволност е тоа што за 26 годишни рати се плаќаа со камата од 3% годишно. Ако ги земеме ние сега кредитите кои што нашето стопанство ги плака излегува вака.

За месец јуни активната каматна стапка на месечно ниво за долгорочни кредити изнесува 6% месечно. За краткорочните кредити е 5% месечно а на годишно ниво за долгорочните кредити, сега ако се земе кредит тој изнесува 98,6%. Тоа е според податоците за активните и пасивните каматни стапки на Стопанска банка АД Скопје. Значи сега на годишно ниво за шестиот месец како основа каматата изнесува 98,6%, а на месечно ниво каматата за долгорочните кредит е 6%. Тоа е дна доста поволна варијанта која што значи добивање на здив на дел од

V/3.-

стопанството на Република Македонија, бидејќи е тоа таков кредит изразен во пченка, е пред се за набавка на пченка која што е дефицитарна во РМ. Ние со 15 до 20% од вкупното производство го произведуваме, а другиот дел секако се увозува. Ако се увезува организациите ако немаат сопствени средства треба да земат кредити според оние услови кои што пред малку ги кажав.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ;**

Почитувани пратеници, Прво да кажам дека би бил навистина среќен кога наместо американците за нас да работиме, ние да работиме за нив и ние да имаме услови да им продаваме на нив пченка отколку тие нас да ни продаваат Меѓутоа сите земји во светот користа кредити било да се краткорочни, среднорочни и долгорочни итн. Меѓутоа, воглавно се користат развојни долгорочни кредити. Моментално пченката во РМ како стратешки производ за посевно за развој на сточарството е битна и потребна е за развојот на РМ. И во догледно време нема да го реши проблемот со пченка, меѓутоа овде што денес овде се презентира токму тие 7 милиони ќе за спасат РМ и ќе дадат којзнае каков развој за РМ мислам дека добива димензија на маркетинг а не вистина на една реалност. Јас лично се сомневам дали ќе можеме да го ратификуваме овој договор доколку е и оваа последна седница на оваа седница. Меѓутоа, се уште не сме во состојба да тврдиме дали е ова последна или не меѓутоа сакам едно да кажам.

Не може Владата да се јавува во својство ако сака да ја игра улогата и арбите на развој на положбата на РМ да не се јавува во улога на купувач на пченка. Нека му дозволи на некој да купува пченка. Нека направи програма како ние да го развиеме тоа земјоделско производство и како тие 50 илјади тони што чекаат  пченка не можеме да ги

реализираме сега, не се откупени како таквиот во РМ. Зошто пченката не ја замениме со друга земја, со пченица каде што има на друго место. Мислам дека во тој правец треба да течат нашите настојувања.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Би бил изворен поен на позицијата ако денеска само тие самите одлучат позитивно во оваа точка а ќе биде развоен однос на Парламентот према сопствениот народ и нема никој да стекне маркетиншка иницијатива ако заедно донесеме одлука што е во основа за доброто на Македонците.

Заблуда е дека Македонија може сама да произведува храна, Факт е дека Македонија ќе мора да купува храна. Во контекст на тоа прашање секако сите оние кои се занимаваат со различна основа за можностите и начинот на кој што Македонија ја купува храната неизбежно ќе доаѓаат во секоја варијанта до прашањето за сточниот фонд во РМ. Јасно е дека една од можностите за извод, а и повратно, за обезбедување средства за храна за луѓето е токму решавањето на прашањето за сточната храна.

Во ситуација кога РМ е блокирана обврска е на овој Парламент да се соочи со државничката одговорност да гради стратегија за блокирано стопанство. Ова прашање длабоко е во врска со барањето на планот на однесувањето на РМ, на нејзиното стопанство и можности во однос на опкружувањето и на она што го нарекуваме блокада од сите правци.

Ако се земе во предвид годишно колку треба да се враќаат ќе се дојде до една смешна, мала сума која што еден или двајца побогати македонци ја вртат и за тоа не плаќаат данок, а можноста од едно

планирано набавување на храна ги решава стратешките прашања на РМ во среднорочниот период. Ни дава една психолошка, колективна сигурност да бидеме поцврсти токму да се супроставиме на оние напади за кои што некој од говорниците кажа, во однос на чисто политичките категории, како што се името и ред други прашања кои што не мачатв о овој период.

Значи, не може ако сме навистина критични да не констатираме едно лицомерие,од една страна покажуваме интерес за она што е чисто политичко прашање, а од друга страна не сакаме да направиме ништо да ја сервисираме сопствената позиција за да изградиме таква позиција за да може тие цели да ги оствариме.

Ова прашање е стратешко прашање. На ова прашање на некој начин сите ја откриваме својата вистинка опозиција. Се разбира од самата позиција и мојот став. Јас сметам дека овој Парламент треба да ја искористи оваа можност бидејќи задира и во глобалната политика на Македонија. Ние не можеме д аги навредуваме нашите сојузници и пријатели кога ни даваат помош. Факт е дека САД не даваат такви кредити на секого. Тоа произлегува од позицијата на РМ од еден сојузник и ние мораме да се однесуваме најсериозно и заради тоа, а и заради оние други аспекти на кои што предупреди.

**ХАМИТ АЛИУ:**

Почитувани пратеници, немав намера да дискутирам меѓутоа некои дискутанти ме поттикнаа и јас нешто да кажам во врска со овој Предлог закон.

Ако ги знаеме состојбите во земјоделството, ако ги знаме состојбите во целокупното стопанство тогаш јас се чудам зошто вакви дискусии и зошто се дава политичка боја. тоа е прво.

Јас се согласувам со дискутантот што рече поубаво би било да можеме ние да кредитираме некого, но на жалост во таква состојба сме што мора да молиме за кредити.

Второ, за условите и начинот за земање на кредит се знае ред, а веројатно и Владата многу убаво го знае. Јас лично мислам дека доаѓаме до изразот на народот, да бидеме како што се вели "да бидеме и гологлав и во Вардар". Не може, или едното или другото, затоа што е потребен овој кредит и мислам дека не треба да се дискутира, туку треба да се прифати Законот кој е доста интересен за оваа наша работа.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, веднаш да кажам дека нашите состојби во земјоделството се такви да се нужни инекции. Меѓутоа, одредени работи секако треба да ни бидат јасни

Јас во начело го поддржувам предложениот Закон и ќе гласам за него, меѓутоа некои работи треба да бидат јасни.

Состојбите во земјоделството се такви, особено во сточарството да сточарството кубури од една страна со недостиг на сточна храна, од друга страна со огромни проблеми од сферата на тоа што ние не успеавме досега да ја извршиме приватизацијата. Ова го истакнувам од причина што кога не сме ја извршиле приватизацијата се поставува едно прашање, а тоа е следното. Кој ќе го врака кредитот Ако се постапува како што се постапуваше како досега ќе направиме една голема грешка а тоа ќе биде од кој аспект да повторно ќе го задолжиме Буџетот со пари за кој не треба да се задолжи.

На оние на кои што ќе им се распредели пченката треба да имаат цврсти обврски за враќање, бидејќи не се согласувам со тоа, а тука станува збор за капитализирање на пченката после 26 години. Со тоа не би се согласил во никој случај, економски мислам дека не е одржива една таква работа бидејќи се знае колку трае производниот процес во земјоделството. Може да биде максимум една година. Познат е коефициентот на обрт на капиталот во земјоделското производство, зависно кај која гранка и тоа максимум да биде една година. Не може да биде 26 години. Од тој аспект мислам дека треба да бидеме претпазливи, да внимаваме на кого ќе ја дадеме таа пченка.

Исто така, друго важно прашање е веројатно за тоа има стручњаци во Владата, оние кои ќе ги потпишат договорите и оние кои ќе ја купат пченката веројатно ќе водат сметка по која цена ќе ја продаваат пченката. Една е да се земе кредитот со 2 односно 3%. Во случајот кога станува збор за ваков кредит јас би рекол овој кредит повеќе е долгорочен кој што се дава за одредени други вложувања во земјоделството. За инвестициони вложувања, а не за ова. Но овде очигледно и по цена на тоа оној што ни го дава капиталот води сметка за тоа да му се врака капиталот, истовремено да му се капитализира, бидејќи во спротивно тој би делел помош, а не кредит. Мислам дека ќе треба да се води сметка и за цената по која ќе се набавува пченката. Реков за тоа има стручњаци во Владата кој ќе го ценат за да не ни се случи да набавуваме пченка со евтин капитал, а да биде висока набавната цена. Во тој случај мислам дека нема да ја оправдаме довербата кај народот.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, се фативме за пченката и ќе се скараме. Тоа е така. Меѓутоа, јас да ви кажам една работа, одамна не сум излегнал овде на говорница, ние сме овде во зградава од 8,30 часот што почнавме подоцна можеби и самите сме виновни, меѓутоа, се зборува за 7 милиони долари кредит. Јас сум за тоа да се подобри стопанството, а не да се води маркетинг на партиите преку оваа говорница. Истите луѓе што ги видов тука, едно време кога јас не тропав празна слама туку кажував некои работи кои жолти ќе бидат во историјата и кажав завчера на седницата дека црно ни е пишано. За 7 милијарди зрна се урнавме како коковчиња и дали ќе стигнат тие да ги иседеме.

Се поставува прашање дали ќе ја донесеме пченката. Тоа сега е големо прашање. Јас господа, немојте да ми се лутите, на мене ми е таков говорот, јас секогаш така настапувам. Ќе ви кажам само некој пример. На нас ни треба пченка, а ни треба и добиток. Нашите села и нашите фарми се опустени. Добро кажа човекот дека треба да се дадат на раце на луѓе кои чуваат такви животинчиња. Но, за жал, тие се се помалку и помалку. Значи стоковните резерви во храна кај нас ги снемува а ја снемува и стоката.

Ако ние ја добиеме пченката ќе се скараме околу тоа кој да ја земе пченката, каде најпрво да ја пратиме пченката.- Ако не ја добиеме пченката тогаш ќе добиеме пари во готово. Каде ќе одат парите. Тоа прашање никој не го поставува.

Јас сега ќе ви кажам еден пример. Дајте да се потсетиме на една моја, да кажам, приказна. Во Багбагдат постоеше Алибаба. Алибаба имаше 40 разбојници. Меѓутоа Алибаба земаше од богатите и им даваше на сиромашните. Сега да не спомнувам ние колку алибаби имаме во нашата држава. Јас не вреѓам никого од вас овде, меѓутоа фактите го кажуваат она што го кажавме од почетокот во овој Парламент. Јас не

мрзам никого не сакам да мрзам, ја гледам фактичката положба на државата, фактичката положба на работите. Америка ќе ни даде пари, но треба Владата да даде една спецификација каде ќе се дадат тие пари, каде ќе се даде таа пченка и прашање е дали пченката ќе дојде со бордовите или глувците ќе ја изедат. Уште на нероден петок триста капи му кроиме.

Господа од Владата, не сме јасни во една работа. Еве ќе ви кажам.

Прво знаеме за што ја земаме пченката, а второ знаеме за колку време ја земаме, што кажа некој од овде не знаеме во тие години дали ќе се роди пченка или нема да се роди, тоа не е важно, важно е дали пченката ќе биде поевтина од килограм млеко или поскапа за 10 пати.

Владата на Македонија требаше јасно и гласно да излезе и да каже дека земаме толку тони пченка, сега се наплатува толку и толку, за 5 години ќе биде толку пченка, ќе се даде таму и таму или нема да се даде никаде и нема да бидат тие расправии тука.

Имаме тука и едно друго прашање, сега со тој закон што ние треба да го донесеме. Дали ние треба да ратификуваме закон или договор за купопродажба. Ако носиме секој ден закони за купопродажби ние треба тука да седиме, фала богу таква дарба не ни даде господ, ние не седиме ич, треба да седиме 10 0 години и да носиме само закони за купопродажба. Ако носиме само еден закон за купопродажба тогаш е друга работата, а мене ми се чини дека само за пченката треба да се донесе закон за купопродажба.

Фактички јас не ја напаѓам Владата. Меѓутоа, се плашам од една работа. Мене не ми требаат предизборни кампањи, не ми требаат маркетинзи. Зошто ви кажав, истите луѓе во почетокот кога влегувавме во Парламентот или пред Парламентот едни луѓе станаа кои тогаш ги

имаа вашите сфаќања и уште потешки, а сега тука ни солат друг памет. Ова сега е интересно. Сега мати вода да не биде бистра а да фаќаш рипчиња. Еден ги спомна и рипчињата.

Јас ќе завршам со тоа што ја молам Владата најобјективно, најкоректно да излезе со спецификација пред овој Парламент, да си го земе кредитот но да положи сметка каде ќе оди тој кредит, кој ќе го искористи и да бидеме на чисто. На нас не ни треба ничиј маркетинг. Секој кој ќе излезе да прави маркетинг на партијата јас ќе му одговорам. Јас ќе му кажам на секој човек што кажал кога влеговме, што кажа кога ќе излеземе и зошто сака да влезе пак овде во овој Парламент. Јас еднаш сум рекол вака. Пред две годиниреков "кој е тој будала што ќе не гласа". Кај се тие со железните метли да не изметат сите.

Сега внимавајте една работа. Со пченка и со туѓи пари не се прави маркетинг. Маркетинг се прави со своја пара и со јака држава, а не можеш да правиш ти маркетинг со туѓи пари и со некаква пченка.

Ви благодарам и ќе и заблагодарам на Владата ако Митко Анастасовски биде една таква спецификација и ќе гласам за законот но да бидеме на чисто.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, Што се однесува до постапката за изгласување на овој закон сметам дека е во ред вообичаено помеѓу држави да се склучуваат вакви договори, а особено ако се работи помеѓу влади, да речам или одредени министри . Во светот вообичаено е ваквите договори да ги потпишува министерот за надворешни работи или истите тие предлог договори како во случајот да ги ратификуваат и собранијата.

Мене тука една работа малку нејасно ми стои, а тоа е во однос на тоа што Владата требаше малку попрецизни објаснувања да даде за кои количини на пченка се работи по која цена истата ќе биде пласирана во внатрешниот пазар од едноставна причина што паушално се дадени работите. Навистина добро звучи дека ќе се добие ваков кредит со јасно определена намена меѓутоа требаше попрецизно да се каже аз која количина и која цена. Да не бидам погрешно сфатен може многу лесно тука да се манипулира по однос на нашиот народ . Истата таа пченка во оваа количина што се зема нашиот народ да ја плати даречеме за една сума од 15 милиони долари. Ако во дадениот случај цената ќе ја утврди Владата, таа ги има оние параметри и односи , ќе ги воспостави во однос на пласирање на пченка, под кои услови ќе ја даде и на кого и по која цена. Значи во однос на ова требаше навистина попрецизно да се каже за која количина и за која цена се работи. Инаку стои и политичкиот момент што го спомнаа и претходни некои дискутанти во однос на потпишувањето на овој договор, дали ќе стои на БЈРМ. Тоа секако ќе стои и треба јасно да ни се каже на нас пратениците дека оние кои ќе го потпишат договор од името на Владата на РМ а во име на РМ ќе го потпишат под ова име.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (55)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (10)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на РМ со стоков кредит во пченка од САД.

Преминуваме на **шестата точка**

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење од 7 минути а координаторите на пратеничките групи во траење од 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? /51)

Дали е некој против?(15)

Дали некој се воздржува до гласање?(Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**Точка 6** - Предлог за донесување на закон за уредување на односите во врска со отплатата на користени кредити од меѓународни финансиски организации со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон и извештаите на работните тела во Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за уредување на односите во врска со отплатата на користени кредити од меѓународни финансиски организации.

Кој е за, молам да крене рака? (60)

Дали има некој против? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (58)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува до гласање? (3)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на предлогот на законот и предлогот на законот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака ?(64)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за уредуваше на односите во врска со отплатата на користени кредити од меѓународни финансиски организации.

Преминуваме на **7 точка -**

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траеше до 7 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог молам да крене рака? (57)

Дали има некој против? (6)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**Точка 7** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за гаранција меѓу Република Македонија и Европската банка за обнова и развој за кредит,(проект за сектор енергетика), со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молзам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесуваше на закон за ратификација на Договорот за гаранција меѓу Република Македонија и Европската банка за обнова и развој за кредит, (проект за сектор енергетика)

Кој е за, молам да крене рака? (64)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (64)

**СТОЈАН АНДОВ:**

64 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? не

Дали некој се воздржува од гласање? не

онстатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Според Уставот на Република Македонија Собранието само ги ратификува меѓународните договори и не може да врши изменување и дополнување на текстот на договорите. Според тоа, нема основ за поднесување на амандмани1 на текстот на договорите.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 3 на Предлогот на законот со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? 66 пратеника

Дали е некој против? не

Дали некој се воздржува од гласање? не

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на договорот за гаранција меѓу Република Македонија и Европската банка за обнова и развој за кредит проект за сектор енергетика.

Преминуваме на осмата точка.

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење до 7 минути, а координаторите на пратеничките групи до 15 минути.

Кој е за овој предлог , молам да крене рака? 56 пратени]

Дали е некој против? 4 пратеника

Дали некој се воздржува од гласање? 2 пратеника

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Европската банка за обнова и развој за реализација на проектот за унапредување на системот на контрола на летање со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот на Комисијата за финансирање и буџет Ви се доста- вени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Европската банка за обнова и развој за реализација на проектот за унапредување на системот за контрола на летањето.

Кој е за молам, да крене рака? 67 пратеника

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе Предлогот на законот.

Кој е за молам, да крене рака? 65 пратеника

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? 6 8 пратеника

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија со Европската банка за обнова и развој за реализација на проектот за унапредување на системот на контрола на летање.

VII/4.-

Преминуваме на **деветтата точка** .

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење до седум минути, а координаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? 61 пратеник

Дали е некој против? (4)
Дали некој се воздржува од гласање? (не)
Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Предлог за донесување на закон за издавање и пушташе во оптек на менични бланкети со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законот за изменување на Законот за издавање и пуштање во оптек на менични бланкети.

Кој е за, молам да крене рака? (69)
Дали е некој против? (не)
Дали некој се воздржува од гласање? (не)
Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам, да крене рака? (66)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот и на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 1 точка 9 алинеја 2, 3, 4 и 5 по кои Владата не се произнела.

0твараде претрес по амандман на член 1 точка 9 алинеја 2,3,4 и 5 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес на текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (66)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласаше? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за издавање и пушташе на менични бланкети.

Преминуваме на **<u>десеттата точка</u>**.

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење од 7 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (57)

Дали некој е против? (4)

Дали некој е воздржан од гласање? (2)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлог на одлука за разрешување од функцијата судија на Општинскиот суд во Охрид.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот? Предлогот на одлуката го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака? (69) Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Благоја Речковски е разрешен од функцијата судија на Општинскиот суд во Охрид по негово барање.

Преминуваме на **<u>единаесетта точка</u>**.

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори 7 минути и тоа само еднаш, а координаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (61)

Дали некој е против? (8)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Точка единаесет Предлог на одлуката за разрешување од функцијата член на Советот на Народната банка на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (никој)
Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.
Предлогот на одлуката го ставам на гласање.
Кој е за Предлогот на одлуката молам, да крене рака?(70)
Дали е некој против? (не)
Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Шабан Превала е разрешен од функција- та член на Советот на Народната банка на Република Македонија.

Ви предлагам точките три и четири да ги претресеме.

Дали се согласувате?

Кој е за молам, да крене рака? (78)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Минуваме на **третата точка.**

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење до 7 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог молам, да крене рака? (59)

Дали е некој против? (7)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**Трета точка** - Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата 11 Октомври.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господа пратеници, како член на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на оваа точка не сум присуствувал, но со оглед на тоа што ги имате предложените кандидати, можам да кажам и во името на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, со оглед дека наградата 11 Октомври е највисоко признавање за долгогодишното остварување во областа на општествените дејности, тука се стават и од областа на стопанството, науката и културата, но предложените кандидати, ќе ги прочитате и ќе видите, прво од претседателот, завршувајќи со до последниот дванаесетти член, може да се забележи дека се работи класично за доделување на ваква висока награда, ќе се сведе спрема досегашните и предложените членови на доделување награда во областа на довчерашните комунисти, или можеби членови на СДС партијата.

Можам да констатирам дека освен членови на Филозофскиот, Филолошкиот факултет, т.е. од општествените дејности, нема друг некој овдека предложен. Двајцата стопанственици веројатно премногу се ангажирани во стопанството и премногу ангажирани во многу други комисии, имињата не сакам да ги прочитам, веројатно ги имате тука, но со оглед на тоа што пред десетина дена имавме можност да гледаме од преносите во Струга, можеме да ги видиме истите кандидати дадени во списокот, од членот на потесното раководство на СДС, докторот на Филолошкиот факултет, до последниот исто така еден од нај- активните членови во партијата СДС од Филолошкиот факултет, немам веќе коментар. Со ваков список, или со вакви предлози излегува Комисијата и стручната екипа од страна на Владата несериозна. Јас инсистирав во Комисијата малку да се задржиме на самите предлози и затоа барам ако има разбирање од страна на другите членови на Комисијата оваа точка да ја разгледаме на утрешната седница и да претрпи некои измени од предложените кандидати. Ако се согласи вршителот на претседателот, тука го гледам Љупчо Поповски .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, на претпоследната седница на Комисијата за прашања за избори и именувања, претставниците од опозицијата ја напуштија седницата кога се определуваше составот на државната изборна комисија. За овие две точки не присуствуваме кога се определуваше составот на Комисијата за наградата 11 Октомври и Климент Охридски, така што ниту еден наш предлог нема.

Овие наоди што ги изнесе пратеникот Коле Луловски се сосема евидентни. Предложени се во составот на Комисијата членови на коалицијата . Членови од највисокото раководство на Социјал демократскиот сојуз и претставници од Либералната и од Социјалистичката партија. Ова е државна награда, не можеме да ја сведеме на партиска награда, награда што ја доделува Социјал демократскиот сојуз. Затоа го повикувам заменик претседателот на Комисијата, бидејќи имаме амандмани по предлогот на комисиите за изборите да ги одложи овие точки за евентуално утрешната седница. И ан комисии уште еднаш да го разгледаме составот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака.

51 пратеник гласаше "за".

Дали има некој против?

4 се "против".

Дали некој се воздржува од гласање?

2 се воздржаа од гласање.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври".

(Некои пратеници прашуваат: Дали има кворум?)

Има доволен број пратеници во салата, некои не гласале.

Преминуваме на **4 точка.**

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење до 7 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака.

51 пратеник гласаше "за". Дали има некој против?

3 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

Некој не гласал значи, не се воздржува никој.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

**Четврта точка:** Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски".

Предлогот на одлуката ви е доставен. Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака.

54 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против?

Еден пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласање?

Тројца пратеници се воздржаа од гласање.

Значи, некој не гласал.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски".

Сега ни останаа само две точки.

(Некои пратеници станувaа за да излезат од салата)

Ве молам, седете, продолжуваме.

Преминуваме на **првата точка.**

Молам пратениците да си седнат на своите места.

Молам пратениците да си седнат на своите места.

Ги молам пратениците да си седнат на своите места, молам да си седите на своите места, молам.

Да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

63 пратеници се присутни во салата.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

(2 пратеници излегуваат од салата, а еден пратеник влегува)

62 пратеници сега се присутни во салата.

Продолжуваме со работа.

62 пратеници се присутни во салата.

Преминуваме на **прватa точка.**

Предлагам по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење до 7 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог молам да крене рака?

53 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против?

7 пратеници се "против".

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој не се воздржува.

Некој не гласал.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**Прва точка**: Предлог на одлука за разрешување и именување претседател, секретар, членови и нивни заменици на Републичката државна изборна комисија.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Љупчо Поповски.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, согласно надлежностите на Комисијата,а имајќи

ги пред се одредбите на Законот за избори и отповикување на пратеници и одборници, поведе постапка за разрешување на претседател, секретар, членови и нивни заменици на Републичката државна изборна комисија и на изборните комисии за избор на пратеници на Собранието на Република Македонија.

Како што е определено во Законот, мандатот на овие комисии е 4 години, но исто така е познато дека во 1994 година треба, согласно Уставот на РМ и позитивните прописи да се одржат изборите во Република Македонија.

Комисијата за прашањата на изборите и именувањата во насока на ажурирање и завршување на севкупните активности околу предлагањето и утврдувањето на можни кандидати за претседател, секретар, членови и нивни заменици во Републичката државна изборна комисија и на изборните комисии за избор на пратеници во Собранието на РМ, се обрати до членовите на Комисијата за избори и именување, до Кадровската служба при Владата на РМ и пратениците, со предлог односно барање да извршат соодветни консултации за предлагање на кандидати, а Комисијата врз основа на Законот и надлежностите на Комисијата утврди предлози за разрешување претседател, секретар, членови и нивни заменици на Републичката државна изборна комисија и на изборните комисии за избор на пратеници.

Согласно член 11 став 2 од Законот за избори и отповикување на пратеници и одборници, Републичката државна изборна комисија и изборните комисии за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија ги именува Собранието на Република Македонија, а врз основа на член 12 став 2 од Законот претседателот на Републичката државна изборна комисија и неговиот заменик се именуваат од редот на судиите на Врховниот суд на Република Македонија.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на своите седници одржани во месец август и септември, во конструктивна и демократска расправа ја утврди Предлог одлуката за разрешување и именување на претседател, секретар, членови и нивни заменици на Републичката државна изборна комисија, кој предлог ви е доставен.

Комисијата во текот на расправата и утврдувањето кандидати за претседател, секретар, членови и нивни заменици на Републичката (Државна) комисијата ги почитуваше предлозите поднесувани од членовите на Комисијата припадници на опозицијата во Собранието на Република Македонија. Како што може да се согледа од понудената Предлог- одлука, Комисијата во целина ги почитуваше Законот за избори и отповикување на пратеници и одборници, така и за претседател на Републичката (Државна) изборна комисија е предложен и утврден судија на Врховниот суд на РМ, а исто така и за заменик на претседателот е предложен и утврден судија на Врховниот суд на Македонија, а за членови и нивни заменици предложени и утврдени дипломирани правници со повеќегодишно искуство, сите утврдени и предложени кандидати со своето повеќегодишно работење и постигнатите резултати нудат гаранција дека одговорно и ажурно ќе го извршат огромниот број на задолженија на Републичката (Државна) изборна комисија во идниот 4-годишен мандат.

Воедно, сакам да го информирам Собранието дека во врска со оваа Предлог - одлука нема ниту еден поднесен нов амандман, така што Собранието може да одлучува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Абди Муртезани.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, уште на почетокот на мојата дискусија сакам да го искажам моето незадоволство со вака предложена Предлог - одлука односно предлог листа на можни кандидати за избор на Републичката(односно Државната) изборна комисија и ќе гласа против оваа одлука, како и против втората точка која е на дневен ред, но за тоа после ќе се изјаснам, од причина што овде не се земени предвид националната структура на населението во Република Македонија од функциите за можен претседател, негов заменик, секретар и заменик секретар, значи други лица надлежни од другите националности нема, а овде како еден член е предложен од албанската националност и еден заменик. Според тоа, за мене оваа листа не е прифатлива.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Г~ " Дами и господа, сметам дека ваква важна точка треба да биде разгледана и усвоена во регуларни околности и со мироЉубиви тонови. Фрапантно е за мене за Државната изборна комисија да не е постигната согласност меѓу политичките фактори. Одење на општи избори и државен проект од огромна важност и за тоа сте вие многу добро упатени, веројатно многу подобро од мене. Само болно е сознанието упорно да се апстрахира од оправданите барања на опозицијата.

Јас би сакал да се обезбеди консензус околу изборните комисии, а потоа постапката да оди понатаму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор.

Има збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

За мене лично е прифатлива иницијативата на г-динот Бошков да се врати оваа Комисија на усогласување, до колку опозицијата пред се неговата партија не е задоволна од составот и за мене е прифатливо да се врати листата денес и нова да се состави, доколку неговата партија не е задоволна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Јордан Бошков реплицира.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Видете, јас говорев исклучиво за достоинството, не правец разговор околу тоа кој е ставен на листата, кој пропорции се запазени, но мене ме иритира сознанието што оваа дебата се води во отсуство на поголем дел од опозицијата. (Реагирање во салата). Значи, не наслутувате доволно, не ослушнувате доволно. (Претседателот вели: "Ве молам за тишина"). Моето залагање беше тоа, јас лично немам никакво кадровско барање, во комисиите, лично ниту сум поднел амандман ниту некоја иницијатива. Инаку сум бил од тие кој поддржувал избори еден куп и за судии и други тела, делегации итн.

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Коле Луловски. (Реагирање во салата)

Тишина, ве молам, тоа беше реплика. Ве молам, не се мешајте во водењето на седница.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Како член на Комисијата учествував во работата, но на крај не сум гласал, при гласањето не сум учествувал во одредувањето на Државната комисија, но со оглед на тоа што и од страна на еден од пратеници е барано,во листата не се опфатени од страна на националностите по структура, јас како член на Комисијата инсистирав и барав да влезат две важни точки за секој кандидат. Тоа го истакнав. Прво кратката биографија на секој кандидат, години на старост и години на стаж. Со оглед на тоа што моето барање не е прифатено и исто така многу добро претседателот кажа дека се работи за мандат од 4 години, за тоа години на старост за секој кандидат се многу важни за мене. Ако за вас не е важно, за мене тоа е важно.

Второ, националноста на сите предложени кандидати, не зависно дали тие кандидати се предложени од ПДП или НДП итн., туку и за останатите кандидати што беа предложени од самата Комисијата при Владата почнувајќи од првиот кандидат што ни беше понуден, бидејќи јас немам право да одредам на која националност припаѓаат предложените кандидати, почнувајќи од претседателот Петар Најденов, заменикот Васил Петковски итн. до последниот што беше понуден од стручната екипа при Владата Елена Ставрева. Јас од тие барав самите да се декларираат на која националност припаѓаат, бидејќи во овој случај се совпаѓа едно мислење и едно барање на еден од припадниците на албанската националност. Мене апсолутно не ми пречи ако Владата

излезеше со ваков предлог во кој во предложените кандидати од сите понудени, почнувајќи од претседателот до замениците и членовите на комисиите ќе требало да бидат застапени од националностите. Но овде имавме предложени без - јас немам право да кажам и немаше право ни еден член од нашата Комисија да утврди на која националност припаѓа. Затоа инсистирав да ни се даде време секој кандидат кој сака да ја прифати функцијата да биде член на државната комисија самиот да се определи на која националност припаѓа. Јас си давам право да се сомневам не само за оние што ги предложи членот на ПДП да е тој Албанец, јас веројатно предложив некој друг член, но немам право да кажам на која националност припаѓа, ако се потсетиме за пописот имавме многу јасно дефинирано, многу јасно ги дефиниравме јазиците и писмата што треба да се водат досега. Се плашам со вакви криенки што се вршат меѓу неколку членови предложени од страна на Владата да не се крие некоја друга игра криенка. Затоа инсистирав, а веројатно сега нема време да инсистирам, за секој предложен кандидат да се одреди прво националната структура на која припаѓа за да бидеме јасни пред светот и пред членовите на Парламентот за кого гласаат и второ, што е за мене многу важно, староста и време на поминатиот стаж. Веројатно тука се работи за професионалци, годините и те како се важни, за мене се многу важни, тоа е работа која бара вистинска работа, а не само, како што ни се случи на претходните избори после 5-6 дена да се повлечат или да преминат на одмори. Затоа, јас останувам на моите барања, без националната структура на сите можни кандидати што се предложени не би гласал за листата што е понудена од страна на Комисијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката ја ставам на гласање.

Молам, пред да преминеме на гласање да утврдиме точно колку пратеници има присутни во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Молам, кој е за предлогот нека крене рака?

Збор побара господинот Бошков повторно.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

На двапати излегов тука и кажав дека е многу важно за запазување на достоинството и на овој дом кој се ќе биде присутен и нормално како ќе гласа.

Според толкувањата, доволно е обично мнозинство од присутните, што за мој поим е сосема тенко, оти ова е важен државен проект.

Јас барам за пратеничката група на ВМРО Демократска Партија за Македонско Национално Единство прекин на седницата заради усогласување на гласање.

Само да ве потсетам, за 78-та седница, господине Давчев, при поединечното гласање паузата за групата на СДС ја потпретседателот на Собранието Тито Петковски...

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Побарав прекин, еве нека биде пауза

IX/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не знам што предлагате, ве молам.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Пауза ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Од колку, од 10 минути?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Од половина саат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте. 10 минути, така.

Пауза од 10 минути и молам да бидете тука. (Пауза од 18,15 до 18,35 часот)

Сега, молам да утврдиме точно колку се присутни пратеници во салата.

Ви салата се присутни 53 пратеници.

Не можеме да продолжиме со работа бидејќи немаме кворум и предлагам, бидејќи се работи за исклучително важни државни акти , во чие подготвување е вложен многу труд и применета е до крај постапката како е предвидена, има за втората точка некои амандмани што Комисијата треба да ги разгледа, значи да доврши со работа по тие амандмани.

Молам, партиските работи да се остават надвор од салата. Во салата важи само постапката. Нема ништо натаму. Сите други претходни договори се прават пред тоа, што треба да се направи во пратеничките групи, меѓу пратеничките групи итн., се пред седницата.

Затоа се обраќам кон сите пратеничките групи утре пред ручек да обезбедат доволно присуство, за ваков акт како прилега и во 14 часот, до кога треба да заврши Комисијата со своите амандмани, не може да почне порано седницата на Собранието кога Комисијата има амандмани за разгледување, не може да почне седницата, па да прекинуваме и сите да чекаме Комисијата да заврши со работа. Ве молам, утре во 14 часот седница на Собранието а Комисијата да закаже седница во 10 часот . (од место се дофрлува седницата на Комисијата да почне во 11 часот).

Во ред, седницата на Комисијата во 11 часот а седницата на Собранието во 14 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,40 часот)